# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**помеѓу Академија за судии и јавни обвинители и Хелсиншки комитет за човекови права**

**Склучен на ден 26.04.2024 година во Скопје, помеѓу:**

1. **Академија за судии и јавни обвинители, со седиште на бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје, (во натамошниот текст „Академијата"), претставувана од Директорката проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска, и**

2. **Хелсиншки комитет за човекови права, со седиште на ул. Наум Наумовски Борче бр.83, 1000 Скопје, е-маил: helkom@mhc.org.mk претставувано од Уранија Пировска, Извршна директорка на организацијата**

## I. ПРЕДМЕТ НА МЕМОРАНДУМОТ

**Член 1**

Со овој Меморандум за соработка се уредуваат меѓусебните права и обврски на потписниците во врска со спроведување активности во рамки на проектот „*Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза во Северна Македонија*" финансиран од Европската Унија како дел од програмата EuropeAid/174503/DD/ACT/MK, согласно Договорот за грант потпишан меѓу Хелсиншкиот комитет за човекови права и Европската Унија бр. NDIZI-THE-NEAR/2022/441-698 (во понатамошниот текст „Проектот"), имплементиран од Хелсиншкиот комитет за човекови права.

**Член 2**

Главната цел на Проектот од Член 1 е да ги зајакне ефективните механизми за заштита на човековите права во Република Северна Македонија при остварување на слободата на изразување и при борбата против говорот на омраза, во согласност со меѓународните и европските стандарди. Поконкретно, преку спроведување на Проектот, Хелсиншкиот комитет за човекови права се обврзува да придонесе кон зголемување на капацитетите на националните механизми при препознавање, спречување и борба против говорот на омраза, преку четири иновативни и интерактивни работилници за дополнително унапредување и зголемување на капацитетите на заштитните механизми од говор на омраза.

**Член 3**

Со овој Меморандум се утврдуваат облиците и начинот на соработка помеѓу Страните на полето на препознавање, спречување и борба против говорот на омраза.

Соработката меѓу Страните ќе се однесува на преземање заеднички активности на полето на препознавање, спречување и борба против говорот на омраза.

**Член 4**

Со овој Меморандум се уредува понатамошната соработка и заеднички активности во следните две години, за времетраење на Проектот, насочени кон градење на капацитетите за препознавање, спречување и борба против говорот на омраза, а која ќе се реализира преку:

- Проценка и јакнење на капацитетите на Академијата за судии и јавни обвинители за препознавање, спречување и борба против говорот на омраза;
- Размена на искуства и знаења помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители, експерти и активисти на полето на препознавање, спречување и борба против говорот на омраза;
- Четири обуки и работилници за Академијата за судии и јавни обвинители и за јавните обвинители и судиите од четирите апелациони подрачја за препознавање, спречување и борба против говорот на омраза, со посебен фокус на најдобрите практики на ЕУ, особено на судската пракса на Европскиот суд за човекови права, и на собирањето докази;
- Развивање партнерски односи со граѓанските здруженија кои работат на полето на препознавање, спречување и борба против говорот на омраза;
- Други облици на соработка на полето на препознавање, спречување и борба против говорот на омраза и унапредување на почитувањето на човековите права.

## II. МЕЃУСЕБНИ ПРАВА И ОБВРСКИ

**Права и обврски на Академијата за судии и јавни обвинители**

**Член 5**

**Академијата за судии и јавни обвинители ќе:**

- Назначи контакт лице кое ќе соработува со Хелсиншкиот комитет за човекови права за спроведување на проектот;
- Креира план за подигнување на капацитетите на Академијата за препознавање, справување и борба против говор на омраза;
- Обезбеди поддршка за спроведување на план за подигнување на капацитетите на Академијата за препознавање, справување и борба против говор на омраза;
- Координира учество на Академијата за судии и јавни обвинители на информативно-координативната средба, за да се обезбеди поддршка на целиот процес на воспоставување на мрежа од обучени кандидати за судии и јавни обвинители за препознавање, справување и постапување во случаи на говор на омраза;
- Номинира учесници во работилниците за подигнување на капацитетите за препознавање, справување и постапување во случаи на говор на омраза најмалку четири до осум недели пред нивно одржување;
- Реализира други активности од заемен интерес, а насочени кон подобрување на капацитетите за препознавање, справување и постапување во случаи на говор на омраза.

**Права и обврски на Хелсиншкиот комитет за човекови права**

**Член 6**

- Обезбеди поддршка за проценка на капацитетите и креирање на план за подигнување на капацитетите на Академијата за судии и јавни обвинители за препознавање, справување и борба против говор на омраза и нивно спроведување;
- Организира информативно-координативна средба со Академијата за судии и јавни обвинители;
- За времетраење на Проектот ќе организира работилници за подигање на капацитетите на Академијата на полето на препознавање, справување и борба против говор на омраза;
- Реализира други облици на соработка од областа на препознавање, справување и борба против говор на омраза.

## III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА МЕМОРАНДУМОТ

**Член 7**

Меморандумот се склучува за периодот од датумот на потпишување до завршување на проектот, односно до 30.06.2025 година

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

Меморандумот влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Секој потписник може да го откаже Меморандумот со писмено известување (препорачана поштенска пратка или електронски) до другата Страна за својата намера да го раскине овој Меморандум, најмалку 30 дена пред датумот на негово истекување.

Периодот на важност на овој Меморандум за соработка може да се продолжи во зависност од потребите на потписниците со заемна писмена согласност и Анекс кон Меморандумот.

**Член 9**

Престанокот на овој Меморандум нема да влијае на активностите и проектите кои се во тек на извршување.

**Член 10**

Споровите настанати во текот на склучување на овој Меморандум ќе се решаваат спогодбено меѓу Страните-потписнички на овој Меморандум.

**Член 11**

Меморандумот е составен во 4 (четири) еднакви примероци – по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Контакт лице за спроведување на проектот:**

**Наташа Петковска –** проектна координаторка
e-mail: natasha.petkovska@mhc.org.mk
тел: 077/907-536
адреса: ул. Наум Наумовски Борче бр.83, 1000 Скопје

**За Академија за судии и јавни обвинители**
**Проф д-р Наташа Габер-Дамјановска,**
**Директорка**

**За Хелсиншки комитет за човекови права**
**Уранија Пировска**
**Извршна директорка**

Здружение ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА - СКОПЈЕ